# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНАТА БИТОЛА

Службено гласило на Општината Битола излегува по потреба

www.bitola.gov.mk

**Број 18, година L**
**Четврток, 10.10.2019**
Битола

**e-mail:bitola@t-home.mk**


Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08 и 08/19), донесувам

### З А К Л У Ч О К
### за објавување на Одлуката за давање согласност на Договорот за уредување на капиталната и управувачката структура на РК ЕУРОФАРМ РАБОТНИК АД Битола и РК ПЕЛИСТЕР АД Битола

1. Ја објавувам Одлуката за давање согласност на Договорот за уредување на капиталната и управувачката структура на РК ЕУРОФАРМ РАБОТНИК АД Битола и РК ПЕЛИСТЕР АД Битола, донесена на седницата на Советот на општината Битола одржана на 10.10.2019 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

| | |
|---|---|
| Бр. 08-955/1 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 10.10.2019 год. | на Општината Битола, |
| Б и т о л а | м-р Наташа Петровска |

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, а во врска со член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05, 17/08 и 08/19), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 10.10.2019 година, донесе

### О Д Л У К А
### за давање согласност на Договорот за уредување на капиталната и управувачката структура на РК ЕУРОФАРМ РАБОТНИК АД Битола и РК ПЕЛИСТЕР АД Битола

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Битола го прифаќа Договорот за уредување на капиталната и управувачката структура на РК ЕУРОФАРМ РАБОТНИК АД Битола и РК ПЕЛИСТЕР АД Битола и се овластува Градоначалникот на Општина Битола истиот да го потпише, откако писмено ќе биде известен од страна на РК ЕУРОФАРМ РАБОТНИК АД Битола и РК ПЕЛИСТЕР АД Битола дека имаат меѓусебно постигнато сметководствено усогласување на двата клуба.

**Член 2**

Се задолжува претседателот на Советот по потпишувањето на Договорот да ја започне формално правната постапка согласно позитивните законски прописи за негова целосна реализација за купопродажба на акции, постапка за евидентирање во Централниот депозитар на РСМ, постапка за промена на називот на двата клуба и се друго што произлегува од Договорот до негова конечна реализација.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општината Битола” .

Бр.09-144/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
10.10.2019 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

# С О Д Р Ж И Н А

О Д Л У К А за давање согласност на Договорот за уредување на капиталната и управувачката структура на РК ЕУРОФАРМ РАБОТНИК АД Битола и РК ПЕЛИСТЕР АД Битола ........................................................................ 1

**Издавач: Општина Битола**
**тел. 047 234 234; 047 208 300**

Буџет на Општина Битола
Сметка: 703014002963013 Народна банка на Р.М.
Д.Б. 4002996128471
Приходна Шифра 725211